# COOPERATION AND MOTIVATION OF THE TEACHER IN RELATION WITH THE STUDENT AS FACTORS IN THE CREATION OF A POSITIVE CLIMATE IN THE CLASSROOM

**Afrdita Ilazi-Hoxha**
University of Tetovo - Tetovo, Macedonia, aferdita.ilazi@unite.edu.mk

**Abstract**: The educational process and teaching is very important and complex as well, involving multiple dimensions and various activities. Teacher as the carrier of educational role, with his behavior, his correct attitude, with his cultural, pedagogical and scientific formation, teaches and also reflects the student. We look at the teacher in different prisms: the teacher as a person, his attitude towards the student's style and method of work, his professional development and pedagogical role. This research is aimed at cooperation and motivation of the teacher in relation with the student as factors in the creation of a positive climate in the classroom. The main goal of this research is to prove the inter-relationship and interaction of the teacher in relation with the student, as well as the ethical and the moral aspect of the teacher. Based on these targets the following research methods have been used: analysis, synthesis, induction, deduction and statistical methods. The survey is been used as a technique for the research, and as a tool of the research is been used the questionnaire which surveyed students from the lower grades that follow lessons of the teacher mentors in primary schools in Tetovo. The interpretation of the results have been presented in tables and graphs in which results have been presented in percentages and frequencies. With this paper we try to get answers to the following questions: do teachers and students have good cooperation; whether teachers motivate equally all the students; whether the cooperation and motivation of the students creates a positive climate in the classroom; which are the competences of the teacher in relation with the student as an individual, and to the students as a group. With the results we achieve conclusions that if the teacher knows the personality of the student, knows what motivates and what discourages the student, their relationship will be better. A successful relationship of the teacher in relation to the students, gives a positive climate of the lesson, mutual trust and successful communication, which means better quality teaching process which represents a solid basis for a successful modern education.
**Keywords:** teacher, student, cooperation, motivation, positive climate.

## СОРАБОТКАТА И МОТИВАЦИЈАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ОДНОС НА УЧЕНИКОТ КАКО ФАКТОРИ НА СОЗДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНА КЛИМА ВО УЧИЛНИЦАТА

**Афрдита Иљази-Хоџа**
Универзитет во Тетово - Тетово, Република Македонија, aferdita.ilazi@unite.edu.mk

**Резиме:** Наставно – образовниот процес е многу значаен и сложен, кој вклучува повеќе димензии и различни дејствија. Наставникот како подносител на образовната улога, со неговото однесување, неговиот коректен став, со неговото културно, педагошко и научно формирање, воспитува и рефлектира кај ученикот. Наставникот го гледаме од различни призми: наставникот како личност, неговиот став кон ученикот, неговиот стил и начин на работа, неговиот професионален развој и педагошката улога. Ова истражување е насочена кон соработката и мотивацијата на наставникот во однос на ученикот како фактори на создавање на позитивна клима во училницата. Главна цел на ова истражување е да се докажува меѓусебниот однос и интеракција на наставникот во однос на ученикот, како и етичкиот и моралниот аспект на наставникот. Врз основа на овие цели се употребуваат следниве методи на истражување: анализа, синтеза, индукција, дедукција и статистичка метода. Како техника за истражување се употребува анкета, а како инструмент на истражување прашалник, кој анкетира студенти од одделенската настава кои хоспитираат часови кај наставниците ментори во основните училишта во Тетово. Интерпретацијата на добиените резултати се прикажани со табели и графикони во кои што се претставуваат резултатите во проценти и фреквенции. Со овој труд се обидуваме да добиеме одговори на следните прашања: дали имаат добра соработка наставниците и учениците; дали наставниците ги мотивираат подеднакво сите ученици; дали соработката и мотивацијата на учениците создава позитивна клима во училницата; кои се компетенциите на наставникот во однос на ученикот како поединец, и кон учениците како група. Со добиените резултати постигнуваме заклучоци дека доколку наставникот го познава персоналитетот на ученикот, знае што го мотивира и што го

демотивира ученикот, тогаш нивниот однос ќе биде подобар. Еден успешен однос на наставникот кон учениците, дава позитивна клима на наставниот час, меѓусебна доверба и поуспешна комуникација, што подразбира поквалитетен наставен процес кој претставува една цврста основа за успешно современо образование.

**Клучни зборови***:* наставник, ученик, соработка, мотивација, позитивна клима.

## 1. ВОВЕД

Ралф Валдо Емерсон (Ralph Waldo Emerson – американски филозоф и писател) рекол: „Човекот кој ги прави сложените работи едноставни е само наставникот“. Со ова сакам да нагласам дека наставникот е водич на наставниот процес во училиштето и без неговиот придонес овој процес воопшто не ќе можеше да се реализира. За да бидат успешни во нивната работа, наставниците треба да имаат етички вредности кои влијаат врз нивната соработка со учениците, врз креирањето на позитивна клима во училницата и воедно во односот на учениците кон образованието.

Истражувачкиот труд има за цел да ја потврди хипотезата која гласи: ***„Наставниците ментори соработуваат и ги мотивираат учениците и така придонесуваат во создавање на позитивна клима во училницата“.*** За докажување на соработката и мотивацијата на наставниците во однос на учениците, се анкетирани 35 студенти кои хоспитирале часови кај наставници ментори во основните училишта во Тетово.

## 2. СОРАБОТКАТА И МОТИВАЦИЈАТА НА НАСТАВНИКОТ ВО ОДНОС НА УЧЕНИКОТ КАКО ФАКТОРИ НА СОЗДАВАЊЕ НА ПОЗИТИВНА КЛИМА ВО УЧИЛНИЦАТА

Наставникот почнувајќи од карактерот на професијата и моралната и општествената важност на наставната задача, треба секогаш да има предвид дека не е само предавач, туку и воспитувач. Во овој контекст, Роберт Дотран (Robert Dottrens) рекол: „Воспитанието вреди толку колку што вреди воспитувачот“.[253]

Во современото општество без педагошкиот морал не е можно да се развива образовен процес во вистинска смисла на зборот. Но, практичната дејност на учителот секогаш не соодветствува со нормите на професионалната етика, што е поврзано со сложеноста и противречноста на самиот педагошки процес. Затоа, една од најважните задачи на педагошката етика претставува морално - педагошката подготовка на учителот.[254]

Современиот наставник треба да има инспирација за да верува во подобра иднина. Вака настроен, тој ќе биде во можност да овој позитивен дух го пренесе и кај неговите ученици. Односот на учениците спрема учењето најчесто зависи од педагошката справедливост на учителот. Наставникот треба да гради чувство за праведност преку праведно однесување кон учениците во секој поглед. Праведниот наставник праведно оценува, на секој ученик му го дава заслуженото и се обидува да обезбеди урамнотежена дискусија за контроверзните прашања.[255] Исто така треба да создаде позитивна клима во училницата каде што учениците се поттикнати да ги почитуваат правата на сите, но и да работат за доброто на сите. Со ова сакам да нагласам дека современото образование се потпира на наставникот како главна алка на образовниот систем, и истото важи и за нас како општество, ако сакаме развиено образование тогаш мора по секоја цена да создадеме современ наставник, кому професионалната етика ќе му биде дел од секојдневието.

## 3. ОДГОВОРИ НА ИСТРАЖУВАЧКИ ПРАШАЊА КОИ СЕ ПОВРЗАНИ СО РЕЗУЛТАТИТЕ ДОБИЕНИ ОД АНКЕТНИОТ ПРАШАЛНИК

***Х: „Наставниците ментори соработуваат и ги мотивираат учениците и така придонесуваат во создавање на позитивна клима во училницата“.***

Во прилог на испитувањето на хипотезата и за да видиме дали наставниците ментори соработуваат, ги мотивираат и создаваат позитивна клима во училницата, на студентите им беа поставени следните прашања кои се поврзани со оваа хипотеза.

Првото прашање гласи: **Дали за време на наставниот час наставникот соработува со учениците?** Тие ги дадоа следниве одговори:

---

[253] Rexhepagiq, J. (2002), *Tema të zgjedhura dhe bashkëkohore pedagogjike,* Libri shkollor, Prishtinë, fq.359.

[254] Цвик, В. (2010), *Професионална етика: основи на опитата теорија*, Руски универзитет за дружба на народите, Москва, стр. 36.

[255] Лисман, К.Д. (2013), *Воведување на етиката во наставната програма на универзитетите (Теорија и пракса),* превод од англиски јазик Виолета Христовска, Скопје, стр.76.

*Табела бр.1 Соработката на наставниците ментори со учениците.*

| | Категории на одговори | f | % |
|---|---|---|---|
| 1 | **Да, секогаш** | **31** | **88.57** |
| 2 | **Ретко** | **4** | **11.43** |
| 3 | **Не, никогаш** | **-** | **-** |
| | **Вкупно** | **35** | **100.00** |

Од податоците се забележува дека од вкупниот број (35) на студентите, најмногу (31) од нив или 88.57% одговориле со ***да, секогаш***, што значи дека наставниците ментори во основните училишта во Тетово секогаш соработуваат со нивните ученици. Во втората категорија имаме 4 студенти, односно 11.43% од студентите имаат забележано дека наставниците ментори ***ретко*** соработуваат со учениците во текот на наставните часови. Во третата категорија немаме одговори, што подразбира дека нема наставник кој не соработува со учениците во текот на наставните часови.
Врз основа на овие резултати, можеме да заклучиме дека наставниците имаат соработка со нивните ученици во текот на наставниот процес во училиштата. Појасна слика на сево ова дава графиконот бр.1.

*График бр.1 Соработката на наставниците ментори со нивните ученици.*




Второто прашање гласи: **Дали наставникот доволно ги мотивира учениците за време на наставниот час?** Во табелата бр.2 тие ги дадоа следниве одговори:

*Табела бр.2 Мотивацијата на учениците од страна на нивните наставници ментори.*

| | Категории на одговори | f | % |
|---|---|---|---|
| 1 | **Да** | **26** | **74.28** |
| 2 | **Ретко** | **8** | **22.86** |
| 3 | **Не** | **1** | **2.86** |
| **Вкупно** | | **35** | **100.00** |

Од податоците се забележува дека од вкупниот број (35) на студентите, најмногу (26) од нив или 74.28% одговориле со ***да,*** што значи дека наставниците ментори ги мотивираат нивните ученици. Во втората категорија имаме 8 студенти, односно 22.86% од студентите имаат забележано дека наставниците ментори ***ретко*** ги мотивираат учениците во текот на наставните часови. Во третата категорија имаме само еден студент или 2.86%, што подразбира дека многу е мал бројот на наставници кои не ги мотивираат нивните ученици.
Врз основа на овие резултати, можеме да заклучиме дека наставниците ги мотивираат нивните ученици во текот на наставниот процес во училиштата. Подобро може да се разбере преку графиконот бр.2.

*График бр.2 Мотивацијата на учениците во наставен час.*




Третото прашање гласи: **Дали наставникот со својата комуникација се труди секогаш да создаде позитивна клима за работа со учениците во училницата?** Во табелата бр.3 тие ги дадоа следниве одговори: од вкупниот број (35) на студентите, најмногу (23) од нив или 65.72% се изјасниле ***да***, што значи дека наставниците ментори со својата комуникација придонесуваат за создавање на позитивна клима во училницата. Во третата категорија одговориле 9, или 25.71% од вкупниот број на студенти, и во втората категорија одговориле 3, односно 8.57% од студентите, што значи дека овие податоци се незначајни во споредба со одговорите од првата категорија, па затоа слободно можеме да заклучиме дека комуникацијата на наставникот игра битна улога во создавањето на позитивна клима во училницата.

*Табела бр.3 Комуникацијата на наставникот со учениците создава позитивна клима во училницата.*

| **Категории на одговори** | | f | % |
|---|---|---|---|
| **1** | **Да** | **23** | **65.72** |
| **2** | **Понекогаш** | **3** | **8.57** |
| **3** | **Зависи од ситуацијата** | **9** | **25.71** |
| **4** | **Не** | **-** | **-** |
| **Вкупно** | | **35** | **100.00** |

Истото го покажува и следниот графикон бр.3:

*График бр.3 Комуникацијата на наставникот со учениците создава позитивна клима во училницата.*




Според резултатите од табелите и графиконите, што е видливо и од категориите од трите случаи, констатираме дека соработката и мотивацијата се битни фактори во создавањето на позитивна клима во училницата, односно **хипотезата**: ***„Наставниците ментори соработуваат и ги мотивираат учениците и така придонесуваат во создавање на позитивна клима во училницата“***, СЕ ПОТВРДУВА.

**4. ЗАКЛУЧОК**

„Најзначајни од се се наставниците. Незаменливи за сите времиња. Од тие започнува се, и без разлика на тоа колку посакуваме високо да се искачуваме, тие не можеме да ги тргнеме од нашиот ум“ (Д. Каназир).[256]

Сите ученици сакаат да учат, но тие ги немаат истите способности за тоа, така што улогата на наставникот е да ги елиминира тие разлики изразувајќи толеранција и мотивација која ќе доведе во поголема соработка во училницата и воедно и подобрување на воспитно - образовниот процес.

Да го развиеме наставниот кадар, а со тоа ја развиваме иднината, односно развиваме здраво и современо општество.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Murati, Xheladin. *Didaktika e suksesit*, Luma grafik, Tetovë, 2013.

[2] Rexhepagiq, Jashar. *Tema të zgjedhura dhe bashkëkohore pedagogjike*, Libri shkollor, Prishtinë, 2002.

[3] Ангелоска-Галевска, Наташа. *Планирање на научно истражување* (интерен материјал за постдипломците од педагошкии науки и менаџмент во образованието), Скопје, 2010.

[4] Илиев, Деан. *Акциони истраажувања во образованието (креирање и водење одржливи промени во воспитно-образовниот процес)*, Матична и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Битола, 2006.

[5] Лисман, К.Д. *Воведување на етиката во наставната програма на универзитетите (Теорија и пракса),* превод од англиски јазик Виолета Христовска, Скопје, 2013.

[6] Цвик Владимир, *Професионална етика: основи на општата теорија*, Руски универзитет за дружба на народите, Москва, 2010.

[256] Murati, Xh. (2013), *Didaktika e suksesit,* Luma grafik, Tetovë, fq.5